*OSCE Translation*

**Организација за безбедност и соработка во Европа**
**Претставник за слобода на медиумите**
**Харлем Дезир**

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОБСЕ ЗА МЕДИУМИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

На конференцијата на ОБСЕ за медиумите во Југоисточна Европа, што се одржа на 10-11 мај 2018 г., учествуваа над 150 учесници во Струга, на брегот на Охридското Езеро, како претставници на владата, граѓанското општество, медиумски здруженија, синдикати на новинари, јавните медиумски сервиси и професионалци од областа на медиумите, на која се разговараше за слободата на медиумите во регионот. На петтата по ред конференција која се одржа по Конференцијата на австриското претседателство со ОБСЕ „Слобода на медиумите во Западен Балкан“ во февруари 2017 г., беа подвлечени бројните лични и професионални искуства на учесниците со напади врз безбедноста на новинарите, особено новинарките, и често опасните услови за работа со кои се соочуваат медиумските работници во регионот. Дополнително, Конференцијата навлезе и во низа прашања кои се движат од јавните медиумски сервиси, при што учесниците повикаа на нивна поголема независност и финансиска одржливост, до најдобрите практики во областа на саморегуалацијата на медиумите, новите економски можности и предизвици, влијанието на дигитализацијата врз слободата на медиумите, и конечно, појавата на „лажните вести“, пропагандата и дезинформациите.

На првиот ден на конференцијата учесниците усвоија Декларација со која се осудува насилството врз Оливера Лакиќ, истражувачка новинарка во весникот „Вијести“ во Црна Гора, која беше застрелана вечерта на 8 мај 2018 година. Целосниот текст на Декларацијата може да се најде овде: https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/380689 .

Декларацијата испрати силна порака на поддршка и солидарност до неа, вработените во „Вијести“ и сите новинари и медиумски работници кои се соочуваат со закани, напади и заплашување во регионот. Безбедноста на новинарите сѐ уште е еден од најголемите предизвици во регионот и многу кривични дела против новинарите и медиумските куќи остануваат неказнети. Во Декларацијата учесниците повикаа на независна, ефективна и брза истрага, а за сторителите на нападот, вклучувајќи ги и организаторите, да бидат изведени пред правдата. Понатаму, Декларацијата нагласува дека секој напад врз новинар не само што го повредува правото на инволвираниот


| Wallnerstrasse 6-6a | Telephone | Telefax | E-mail |
|---|---|---|---|
| A - 1010 Vienna, Austria | +43-1-514 36 6800 | +43-1-514 36 6802 | pm-fom@osce.org |

новинар, туку и го поткопува правото на јавноста „да знае“, владеењето на правото и самата демократија.

По шесте сессии на темите наведени погоре, Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите ги претстави следните нецелосни наоди, заклучоци и препораки од дводневната конференција. Овие препораки се однесуваат на повеќе засегнати страни во медиумската заедница и пошироко, вклучувајќи ги и регионалните креатори на политики и власти на секое ниво, академици, медиумски куќи, граѓанското општество, меѓународната заедница која работи во регионот, посредници и регулатори, синдикати и здруженија на новинари и самите новинари.

**Сесија 1: Безбедност на новинарите**

Учесниците во сесијата ги споделија своите лични и професионални искуства со закани, заплашување, насилни напади и хајки – онлајн и офлајн – со кои тие се соочиле во нивната работа. Учесниците исто така разговараа за конкретните ризици со кои се соочуваат новинарките, вклучувајќи и заплашување, малтретирање и закани, со оглед на тоа дека се соочуваат со „двоен товар“ - таргетирани се заради полот и професијата. Еден од најголемите предизвици кој беше спомент беше неможноста за изведување на сторителите на кривични дела против новинарите пред правдата, поради несоодветно правно спроведување или неактивност на институциите за спроведување на правдата и општата неказнивост за ваквите кривични дела. Потребата од соодветни законски рамки за заштита на безбедноста на новинарите беше нагласена, како и важноста на правните лекови во случај на кривично дело и обврската на властите да обезбедат отчетност и да се борат против неказивноста. Во одделни делови на регионот, и покрај постоењето на соодветна легислатива, имплементацијата и спроведувањето на истата се недоволни и треба да се зајакнат.

***Препораки:***

- Јавна и категорчна осуда, со солидарност со жртвите, на сите напади, заплашување и насилство врз новинарите и медиумските работници, кои вклучуваат, но не се ограничени на: хајки, следење, заплашување, насилно затворање на канцеларии, малтретирање на интернет, убиства, тортура, физичко насилство;
- Вклучување на сите релевантни страни - имено националните власти, законодавната, извршната и судската власт, локалното и регионалното граѓанско општество, новинарски здруженија и медиумски куќи – во поддршка на истрагите и напорите за изведување на сторителите пред правдата и континуирано подигнување на свеста за заканата кон демократијата која ја претставуваат нападите на новинари и важноста од заштита на сигурноста и безбедноста на новинарите;

- Препознавање на врската меѓу слободата на медиумите, правдата и владеењето на правото, со цел конкретните потреби на медиумската заедница да се одразат во соодветна легислатива, гонењето и заштитните механизми, вклучувајќи и полициска заштита по потреба; ова исто така бара соодветни човечки и финансиски ресурси за истрага и гонење, и политичка волја;
- Да се продолжи да се повикува на спроведување брзи истраги на нападите против новинарите преку институциите за спроведување на правдата, сериозно третирање на таквите закани, без разлика дали се случуваат на или вон интернет, и да се обезбедат соодветни алатки за жртвите на закани, малтретирање, насилство, или заплашување; за ова ќе биде потребно и обука и соработка помеѓу полицијата и обвинителите;
- Охрабрување на едукација во редакциите и во медиумскиот сектор за обука на медиумските професионалци за самозаштита против малтретирање, заплашување и напади, вклучувајќи и конкретни обуки за дигитална безбедност и соодветни ресурси по настанувањето на заканата или нападот;
- Едногласност и негување на солидарност на локални, национални и регионални нивоа за осуда на нападите, т.е. во соработка со меѓународната заедница, националните власти, политичарите, здруженијата на новинари и соодветните групи за застапување;
- Препознавање на двојниот товар со кој се соочуваат новинарките и развивање на стратегија за полова инклузија за зголемување на нивната безбедност, на и вон интернет.

**Сесија 2: Работни услови на новинарите и медиумските куќи**

Додека учесниците утврдија дека властите усвоиле легислатива во некои области со цел да се подобрат работните услови на новинарите и медиумските работници, медиумскиот сектор продолжува да се соочува со сериозни предизвици. Преовладуваат несигурни работни услови поврзани со социјалната безбедност, платите и договорите, кои ја прават работата несигурна. Заедно со политичкото мешање и/или бизнис интересите, работните услови на новинарите и медиумските работници се често на неприфатливо ниско ниво. Поради несигурните работни услови и економските предизвици со кои се соочуваат медиумските куќи, уредничката независност може да биде нарушена со финансиски и/или политички притисок.

***Препораки:***

- Подигнување на свеста за несигурните работни услови на медиумските работници, кои се манифестираат во ниски плати, нередовно работно време, недостиг на здравствено осигурување, социјално осигурување и други бенефиции на вработените. Свесноста треба да се подигне со јасна цел за унапредување на работните услови со цел да се обезбеди новинарите и

медиумските работници да известуваат независно од политичкиот и економскиот притисок и без ризик од самоцензура;

- Зајакнување, охрабрување и реформирање на синдикатите, конкретно за медиумските професии и новинарите, за да го зајакнат колективното преговарање, како за вработените лица така и за хонорарците кои работат онлајн и офлајн, воедно и негување на чувство на солидарност меѓу припадниците на професијата за зголемување на социјалните и работничките права, како што се социјалното осигурување, бенефициите за невработеност и здравственото осигурувуање. Синдикатите треба да се признаат како легитимни претставници на новинарите;
- Во отсуство на трудови синдикати, поврзување со сите релевантни државни инситуции, како што се трудовите инспекторати, за да се обезбеди почитување на националните социјални стандарди (работни договори, работни часа, плаќања за социјално осигурување) и примена на минималните национални стандарди;
- Разгледување на можности за колективни договори во професијата како безбедносна мрежа и гаранција за континуирана професионална безбедност потребна за етичко новинарство, како и во другите професии.
- Развивање и примена на политики и легислатива кои го заштитуваат плурализмот во медиумите, одржуваат компетитивност без прекумерно мешање на бизнисот или политиката кое може дополнително да ја притиска уредувачката линија на медиумите и новинарите.
- Обезбедување транспарентност во финансирањето и финансиска независност на медиумите како клучни елементи за истите да се ослободат од надворешно мешање, особено кога финансирањето доаѓа од јавни тела. Властите не треба да се обидуваат да влијаат на медиумскиот пазар преку скриени субвенции.

**Сесија 3: Зајакнување на јавните медиумски сервиси**

Оваа сесија се фокусираше на улогата на јавните медиумски сервиси (ЈМС) и законските рамки кои ја регулираат нивната организациска поставеност и програмите. Учесниците разговараа за улогата на управните и програмските совети и нивната организација. Посебен акцент беше ставен на најдобрите практики кои треба да ги регулираат нивните уреднички политики, стратешката насока и мандатот, како и потребите на општеството (јазични, културни, политички). Бидејќи содржината што се произведува од ЈМС пред сè е во интерес на општеството и треба да остане во јавниот домен, одразувањето на културниот, етничкиот, социјалниот, јазичниот, религискиот состав на општеството и одржувањето на постојаниот интерес на јавноста беа идентификувани како битни за одржувањето на кредибилноста и исполнувањето на главниот мандат на ЈМС. Учесниците исто така разговараа за потребата повеќе да се негува истражувачкото новинарство во ЈМС, со акцент на прашања кои влијаат врз општеството, одржувајќи професионални стандарди и уредничка независност.

Wallnerstrasse 6-6a | Telephone | Telefax | E-mail
A - 1010 Vienna, Austria | +43-1-514 36 6800 | +43-1-514 36 6802 | pm-fom@osce.org

***Препораки:***

- Кадровското екипирање, вклучително и на програмските и управните совети, да се заснова на професионални заслуги, а не на лојалност на партијата, за да се задржи независноста од политичката сфера, земајќи го предвид мандатот од јавен интерес;
- Развивање на индивидуални модели за финансирање на ЈМС согласно локалните услови, со оглед на непостоењето на единствен модел во регионален контекст што е пренослив, и со цел да се обезбеди нивна финансиска одржливост, придонесувајќи кон политичка независност;
- Да се земе предвид културниот, етничкиот, социјалниот, јазичниот, религискиот состав на општеството, со цел ЈМС да ги одразуваат сите гледишта застапени во општеството, согласно нивниот мандат од јавен интерес;
- Поттикнување истражувачки стории и новинарство и во ЈМС, согласно најдобрите практики во секторот;
- Негување на иновација во ЈМС за да се задржи публиката, нудење на онлајн и офлајн содржини кои се приспособени на потребите на општеството, вклучително и преку средства за програмирање и ширење на информациите онлајн (вклучително и преку нови технологии како што се апликации, онлајн содржини, социјални медиуми) како и проширување на изворите на приход.

**Сесија 4: Саморегулација на медиумите и унапредување на професионалните стандарди**

Претставниците од регионот, особено здруженијата на новинари и интересните групи, предложија најдобри практики во врска со саморегулацијата и професионалните стандарди во медиумскиот простор. Панелот заклучи дека доброволно прифатените етички стандарди од страна на здруженијата на новинари или во конкретните медиумски куќи им помагаат на медиумските работници независно и објективно да известуваат. Во регионот, тешко е за советите за печатени медиуми и саморегулаторните механизми да постигнат финансиска независност и одржливост без донации или јавно финансирање, со оглед дека самите медиумски куќи се борат за приход и не се во можност да придонесат во советите. Панелот меѓутоа заклучи дека се потребни соодветни финансиски и човечки ресурси за да се одржи уредничката независност и новинарската кредибилност.

***Препораки:***

- Да се подигне свесноста за саморегулаторните механизми како значајна алатка во регионот за воспоставување професионални и етички стандарди во

разноликиот медиумски простор, на доброволна основа. Потребни се напори за нивна доследна имплементација;

- Да се поддржи изготвувањето на саморегулаторни кодекси во духот на инклузивноста, транспарентноста и во интерес на општата јавност, согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики;
- Одржливоста на Советите за медиуми треба да биде приоритет за медиумската заедница, со оглед на нивната суштинска улога во олеснување на саморегулацијата на медиумите;
- Да се промовира обука, едукација и подигнување на свеста во професијата за понатамошно негување на професионалните стандарди и независното известување;
- Да се соработува со независни истражни механизми и самоиницијативни механизми како што се Омбудсманот, Советите за медиуми, независните комисии, заради адресирање на прашања во врска со етичкото и професионалното новинарство;
- Стратегиите за дигитална писменост се важни за да можат новинарите и медиумските субјекти како и јавноста, ефективно да се вклучат во саморегулацијата на медиумите.

**Сесија 5: Влијание на дигитализацијата врз слободата на изразување и медиумите во регионот**

Фокусот на овој панел беше да се дискутира за влијанието на дигитализацијата врз медиумите и слободата на изразување и особено дали истото ја унапредува „демократизацијата“ на медиумскиот простор преку овозможување средства за изразување на граѓаните онлајн и платформа за новинарите со која ќе допрат до поширока публика. Панелистите заклучија дека дигитализацијата исто така носи ризици со оглед дека корисниците на медиумите сега се изложени на повеќе информации и дезинформации. Дигитализацијата радикално ги измени печатените медиуми, дури и некаде ги искорени. Сесијата исто така се осврна на одговорноста на информативните портали кои допираат до широка публика, за да се земе предвид нивното директно влијание на ширењето на квалитетни вести.

***Препораки:***

- Зачувување, заштита и почитување на темелните човекови права и правата поврзани со слободата на изразување и пристап до информации, онлајн и офлајн;
- Фокус на квалитетот на вестите наспроти квантитетот и брзата испорака во ерата на „демократизација“ на медиумите преку технологија;

- Со оглед дека проверувањето на фактите треба да биде основата на новинарството, да се продолжи со зајакнување на кредибилитетот на медиумите преку проверка на факти, особено во онлајн сферата;
- Не постои само еден модел за проширување на базата на приходи во дигиталната ера. Медиумите затоа треба да истражуваат и да експериментираат со различни финансиски модели;
- Да се развие обука и да се промовира едукација во сферата на дигиталната писменост, како и да се подигнува свеста за трошоците за постигнување квалитетно новинарство.

**Сесија 6: Светскиот феномен „лажни вести“ и регионалната реалност**

Со оглед на честата употреба на терминот „лажни вести“, панелот целеше да се дефинира, во поконкретни термини, што сè спаѓа во терминот и како дезинформацијата [денес] е навидум позастапена отколку во минатото. Учесниците заклучија дека додека појавата постоела отсекогаш, сепак [денес] е позастапена поради употребата на интернетот, со што полесно се шират непроверени информации и непрофесионално известување. „Лажните вести“ не се само политички, стратешки конструирани информации со цел да се поткопа провереното ширење на кредибилни информации во јавната сфера, туку често се водени од бизнис интереси.

***Препораки:***

- Државите не треба да усвојуваат законски забрани за „лажните вести“, невистинити вести или други слични термини кои се контрапродуктивни и се подлежни на злоупотреба;
- Постоечките закони, вклучувајќи ги и законите за граѓанска одговорност за клевета, треба да обезбедат соодветни правни лекови за ширење на лажни информации кои му штетат на угледот;
- Политичарите не треба да даваат или да охрабруваат изјави за кои знаат дека се лажни или кои покажуваат неодговорно занемарување на проверливите информации;
- Политичарите не треба го користат терминот „лажни вести“ за да ги нападнат медиумските куќи или новинарите, затоа што тоа ја намалува довербата во медиумите и новинарството;
- Властите и другите засегнати страни треба да се стремат да креираат слободна, независна и разнолика комуникациска средина во едно медиумско писмено општество, како најдобар метод за борба против ширењето на лажните информации;

- Интернет - посредниците треба да имаат јасни полиси за ограничување или бришење на содржини кои треба да исполнуваат минимални гаранции за законски постапки и меѓународни стандарди за слобода на изразување.

Виена/Скопје/Струга, јуни 2018

Wallnerstrasse 6-6a
A - 1010 Vienna, Austria
Telephone
+43-1-514 36 6800
Telefax
+43-1-514 36 6802
E-mail
pm-fom@osce.org